**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-627/5**
**Скопје, 10.11.2006 година**

**До**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Апелационен суд Скопје сметка приходи наплатени од органи, кои се прикажани на страница 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Апелационен суд Скопје сметка приходи наплатени од органи за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Ведат Вели, Претседател на Апелационен суд Скопје

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија на 29.09.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот..



***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:***

10.1.1. На сметката побарувања од купувачи во земјата со состојба на 31.12.2006 година, не е извршен попис согласно Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради тоа што иститe не беа евидентирани во сметководствената евиденција а што има влијание на реалното искажување на оваа билансна позиција во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Да се врши попис согласно прописите.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на Апелационен суд Скопје под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Апелационен суд Скопје е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции на сметката приходи наплатени од органи кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

***13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Апелациониот суд Скопје во текот на ревизијата, а се однесува на:***

13.1 Во текот на ревизијата со налог за книжење 001 од 05.10.2006 година, зголемени се побарувањата од купувачи во земјата и други пасивни временски разграничувања за износ од 196 илјади денари, поради неевидентирани фактури за даден деловен простор под закуп.

**Скопје, 08.11.2006 година** **Овластен државен ревизор,**

**Апелационен суд Скопје Сметка приходи наплатени од органи**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образлож | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | | 187 | 494 |
| Трансфери и донации | | 94 | 163 |
| **Вкупно приходи** | | **281** | **657** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | | 37 | 191 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **37** | **191** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 0 | 373 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **373** |
| **Вкупно расходи** | | **37** | **564** |
| **Остварен вишок на приходи** | | **244** | **93** |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | 244 | 93 |

**Апелационен суд Скопје Сметка приходи наплатени од органи**
**Средства од судски буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 244 | 94 |
| Побарувања | | 196 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **440** | **94** |
| **Вкупна актива** | | **440** | **94** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 440 | 94 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **440** | **94** |
| **Вкупна пасива** | | **440** | **94** |